# МАТЕМАТИЧКИ ХЕПЕНИНГ „ДЕН НА БРОЈОТ ПИ“

*Драгица Ѓавочанова* [1], *Адријана Тодорова* [2]
[1] *СОУ „Богданци“, Богданци*
[2] *ООУ „Петар Мусев“, Богданци*
e-mail: dragica_v@yahoo.com@server, todorovaadrijana@hotmail.com

Во организација на ООУ „Петар Мусев“ од Богданци и СОУ „Богданци“ од Богданци, во рамките на проектот „Популаризација на математиката“ од Природно-математичкиот факултет во Скопје, на 14 март 2019 година во Богданци беше организиран првиот математички хепенинг „Ден на бројот пи“.

Идејата беше настанот да биде од натпреварувачки карактер меѓу учениците од двете основни училишта (учениците од VIII и IX одд) и средното училиште во Богданци. Организаторите со безрезервна поддршка од менаџментот на училиштата одлучија да поканат и училишта од соседните општини Гевгелија, Валандово и Струмица, за на крајот на натпреварот да учествуваат 85 ученици, поделени во 17 екипи.

Организаторите на настанот направија план кој содржеше неколку активности со заедничка тематика – бројот пи. Секоја од активностите беше оценувана од комисија составена од менторите од училиштата кои учествуваа во настанот. По објавување на веста за настанот на социјалните мрежи и на официјалните веб-страници на училиштата учесници, настанот предизвика интерес и кај други училишта кои своето присуство во иднина го најавија однапред.

Настанот беше одлично прифатен од сите ученици од училиштата организатори. Се вклучи дури и оркестарот, кој со изведба на композиција напишана во чест на бројот ПИ го отвори хепенингот.

Ќе се залагаме овој настан да премине во традиција.